**Известување за концентрација со која Нестле Бугарија АД., Бугарија ќе стекне контрола над ИСО-ПЛУС БГ ЕООД., Бугарија (предмет бр. 08-17/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.01.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Нестле Бугарија АД, со седиште во Бул. Европа бр. 128, 1360 Софија, Бугарија ќе стекнеконтрола врз ИСО-ПЛУС БГ ЕООД, со седиште на Ѓуешево бр. 83, 1379 п.к. Сердика, Софија, Бугарија .

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Нестле Бугарија АД е бугарско акционерско друштво (*Société Anonyme*), член на швајцарската групација на компании Нестле. Нестле Бугарија АД е првенствено вклучено во производство и дистрибуција на прашкасти и течни пијалоци, производи за нега на домашни миленици, подготвени јадења и помагала за готвење, кондиторски производи, млечни производи, производи за здрава исхрана и житарки. Меѓу производите кои припаѓаат на Групацијата Нестле се витамини, минерали и додатоци во исхраната кои се продаваат под брендот "Солгар".

Групацијата Нестле има едно претпријатие-ќерка основано во Северна Македонија, друштвото Нестле Адриатик Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар "8-ми Септември" бр. 16, п.фах 663, 1000 Скопје, Северна Македонија, активно во продажба на различни категории производи на Нестле.

**ИСО-ПЛУС БГ** ЕООД е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, кое се занимава со дистрибуција на производите на Солгар примарно во Бугарија.

ИСО-ПЛУС БГ ЕООД има основано подружница во Северна Македонија, - ИСО-ПЛУС БГ ЕООД, Р. Бугарија – Подружница Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди 63/1-2, Скопје, ЕМБС 7140754, активна само во продажба на производи од брендот Солгар.

Според подносителот на известувањето релевантен пазар на кој се однесува концентрацијата на пазарот за производство за витамини, минерали, додатоци во исхраната.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.01.2023 година
Скопје